Студеното време не го спречи жителите на Чешиново-Облешево да присуствуваат на четвртата форумска сесија, на 26 јануари 2012 година, и уште еднаш да разговараат за можните решенија на нивните проблеми кои се однесуваат на јавната чистота. Вкупно 83 граѓани ги слушнаа презентациите на предлог проектите и ги дадоа своите финални забелешки. Освен забелешките, тие ја дадоа и својата поддршка за сите четири предлог проекти кои во следната фаза ќе бидат упатени на разгледување во Програмскиот одбор на Форумите во заедницата.



Сане Јованов од Чешиново смета дека големиот интерес на граѓаните за форумските сесии се должи на бројните проблеми што граѓаните ги имаат во јавната чистота. „Тоа се покажа и преку нашиот ангажман во изработката на приоритетните проекти. Денешната форумска сесија докажа дека имаме направено правилен избор за темата на форумите, но и за проектите кои што ги имаме изработено", додаде тој.

На сесијата присуствуваше и градоначалникот на Чешиново-Облешево, Јорданчо Лефков кој ги кажа ставовите на општината за секој од проектите. „Ме радува тоа што граѓаните на нашата општина активно учествуваат на форумските сесии и ќе одлучат во кој дел ќе бидат искористени парите кои општината заедно со СДЦ ќе ги додели за финасирање на проектите од обласста на темата на форумот Јавна чистота", рече тој.



Граѓаните се договорија петтата форумска сесија на која ќе се изврши гласањето за проектите да се одржи на 16 февруари 2012 година. Претходно, работните групи, на работилница ќе ги формулираат препораките за општината.